# Административно право

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | Административно право | | | |
| 2. | Код | 50802 | | | |
| 3. | Студиска програма | Правни студии | | | |
| 4. | Организатор на студиската програма (единица, односно - институт, катедра, оддел) | Правен факултет „Јустинијан Први“, катедра по административно право и јавна администрација | | | |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | Прв | | | |
| 6. | Академска година /семестар | Втора година / IV (четврти) семестар | 7. | Број на ЕКТС- кредити | 8 |
| 8. | Наставник | Проф. д-р Ана Павловска-Данева<br>Проф. д-р Ивана Шумановска Спасовска | | | |
| 9. | Предуслови за запишување на предметот | Согласно Одлука за правила на студирање на Правниот факултет „Јустнијан Први“ во Скопје, УКИМ | | | |
| 10. | Цели на предметната програма (компетенции): | | | | |

Предметот Административно право се изучува со **цел** студентите од втора година (IV семестар) на правни студии да:

- го разберат поимот администрација, но и да создадат јасна слика за опсегот на државната/јавната администрација vis-à-vis јавниот сектор во државата воопшто;
- ја разберат улогата на администрацијата во рамките на целокупниот институционален систем, односно да стекнат јасна претстава која е причината за постоењето на државната управа како интегрален дел на извршната власт;
- стекнат познавања од класичната и теоретската мисла која се однесува на администрацијата, а особено на принципите за организација на администрацијата, управната функција, односно дејностите на администрацијата, кадрите во јавната администрација, управниот надзор, одговорноста на администрацијата, актите на администрацијата и слично;
- стекнат познавања од македонското материјално управно право со кое се уредуваат организацијата на администрацијата, локалната самоуправа, одговорноста на администрацијата, кадрите во администрацијата, но и во јавниот сектор воопшто, дејностите на администрацијата, актите кои администрацијата ги носи, видовите на контрола и надзор (каде администрацијата се јавува во својство на активен и пасивен субјект) и односите на администрацијата и граѓаните;
- стекнат познавања од македонското процесно управно право, односно од системските закони со кои се уредуваат
    - управната постапка – постапката во која администрацијата ги применува општите правни норми на конкретни ситуации и решава за правата, обврските и правните интереси на физичките и правните лица; односно постапка за остварување на заштита на правата и правните интереси на физичките лица, правните лица и другите странки, како и заштита на јавниот интерес по која се должни да постапуваат министерствата, органите на државната управа, организациите утврдени со закон, другите државни органи, правните и физичките лица на кои со закон им е доверено да вршат јавни овластувања, како и органите на општината, на градот Скопје и општините во градот Скопје, кога во вршењето на своите законски надлежности, постапуваат, решаваат и преземаат други управни дејствија во управни работи;
    - правилата на управниот спор – посебен вид на спор кој се води пред специјализирани судови во кои се контролира законитоста на поединечните акти на администрацијата донесени во управна постапка. Односно, правила со кои се обезбедува судска заштита на правата и правните интереси

| | |
|---|---|
| | на физичките и правните лица против поединечни управни акти и дејствија на јавните органи во согласност со Законот за управни спорови<br>Како што ќе се надградува нивното знаење, студентите ќе бидат и оспособувани за критичко опсервирање на начинот на функционирање на јавната администрација во Република Северна Македонија, но и да ги препознаат аномалиите на македонското управно право. |
| 11. | Содржина на предметната програма: |
| | Во рамките на предметот се предвидува изучување на 12 наставни целини. За секоја од овие целини студентите треба да изучат една глава од учебниците кои се наведени како задолжителна литература во натамошниот текст.<br><br>Првата целина е насловена **вовед во административното право**. Во нејзини рамки студентите ќе се запознаат со поимот на јавната администрација (организационен и функционен), предметот на административното право како правна гранка и научна дисциплина, изворите на административното право како правна гранка и односот на административното право со другите правни гранки.<br><br>Втората целина е насловена **основни принципи на управување**. Студентите ќе се запознаат со централизмот и децентрализмот, како основни принципи на управување, како и со нивните подвидови.<br><br>Третата целина е насловена **локална самоуправа**. Фокусот е ставен на поимот на локалната самоуправа и нејзината суштина како начин на раководење на помали подрачја кои се дел од една национална територија. Понатаму, студентите ќе се запознаат со уставната, но и законската поставеност на локалната самоуправа во Република Северна Македонија што подразбира дека тие ќе ги проучат органите на единиците на локалната самоуправа – општините и градот Скопје, начинот на финансирање на единиците на локалната самоуправа и односот на единиците на локалната самоуправа со централните органи.<br><br>Четвртата целина е **организацијата на администрацијата**. Тоа значи дека студентите прво ќе се запознаат со поимот на организација воопшто, а потоа ќе ги изучуваат и принципите на организација. Освен тоа, повеќе внимание ќе се посвети на организацијата на администрацијата во државата (видови на органи и нивна внатрешна организација) како и организацијата на јавните служби како еден посебен сегмент од јавниот сектор.<br><br>Петтата целина го носи насловот **одговорност на администрацијата**. Се изучуваат различните облици на одговорност на управата: политичката одговорност која ја сносат функционерите/носителите на јавни функции (министри, директори и сл.), дисциплинската одговорност која ја сносат административните службеници, како и материјалната одговорност (одговорноста за штета). Накратко се претставува и судската контрола врз администрацијата (иако на ова прашање се посветува повеќе внимание на крајот на семестарот), како и улогата на Народниот правобранител во Македонија, но и во компаративните системи.<br><br>Шеста е целината која се нарекува **кадри во администрацијата.** Студентите се запознаваат со поимот на административен службеник, но и со другите категории на вработени во јавниот сектор. Тие ги изучуваат принципите на вработување во јавниот сектор, но и постапкта за вработување на административните службеници во Македонија, правата и обврските кои ги носи службеничкиот статус и дисциплинската одговорност.<br><br>Како седма се јавува целината **дејности на органите на управата**, во чии рамки студентите ќе обрнат внимание на тоа што администрацијата работи, односно која е нејзината функција во целокупниот институционален систем.<br><br>Осмата целина се однесува на **актите на администрацијата**, што е логичен след на целината во која се изучуваат дејностите. Студентите ќе се запознаат со општите и конкретните акти кои администрацијата ги носи, нивните видови и класификации, како и административните договори како посебен вид на двострани акти кои имаат сличности но и разлики со граѓанскоправните договори.<br><br>Понатаму, во рамките на целината број девет се покриваат **видовите на контрола и надзор**, така што ќе се проучуваат надзорот над општите акти на управата, надзорот над конкретните акти на управата, како и надзорот над законитоста во работењето. Покрај нив ќе стане збор и за финансискиот надзор и стручниот надзор во поединечни, специфични сфери. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Како десета се јавува целината со која се уредуваат **односите помеѓу граѓанинот и администрацијата**, каде се обрнува внимание на општењето помеѓу индивидуите и органите на администрацијата во поглед на нивниот статус – уписот во матичната евиденција, стекнувањето и менувањето на личното име, стекнувањето и менувањето на матичниот број и слично.<br><br>Во рамките на единаесетата целина студентите за прв пат во своите студии ќе се запознаат со процесноправните норми, односно со правилата на **управното процесно право** или **општата управна постапка**. Со други зборови, студентите ќе ја изучуваат постапката во која органите на администрацијата и другите органи применуваат општи правни норми на конкретни ситуации, односно решаваат за правата, обврските и правните интереси на граѓаните и правните лица.<br><br>Последната, дванаесета целина се однесува на **управниот спор**, како посебен спор кој се води пред специјализирано управно судство, а во кој се решава за законитоста на поединечните акти на администрацијата донесени во управната постапка (проучена во претходната глава). Пред да се посвети внимание на македонското законодавство, во рамките на оваа глава ќе се претставаат компаративни примери за управниот спор во светот. | | | |
| 12. | Методи на учење: | Наставата ќе се изведува согласно ЕКТС предвиден распоред. Наставата се состои од интерактивни предавања. Студентите во текот на наставата ќе имаат активна партиципација вклучувајќи се во дискусии, поставување прашања, давање свои коментари на прочитаната литература, пишување истражувачки трудови и преку организирана тимска работа зададена од наставникот и соработникот. Наставата се изведува со помош на визуелни презентации и забележување на најбитните елементи на тематските единици на табла. На студентите им се препорачува редовно следење на наставата, како и нивна сериозна партиципација при нивното изведување која задолжително ќе биде земена предвид од страна на наставникот при финалното оценување. | | |
| 13. | Вкупен расположив фонд на време | 160 часа | | |
| 14. | Распределба на расположивото време | 75+0+0+0+85 | | |
| 15. | Форми на наставните активности | 15.1. | Предавања - теоретска настава | 75 |
| | | 15.2. | Вежби (лабораториски, аудиториумски), семинари, тимска работа | 0 |
| 16. | Други форми на активности | 16.1. | Проектни задачи | 0 |
| | | 16.2. | Самостојни задачи | 0 |
| | | 16.3. | Домашно учење – задачи | 85 часа |
| 17. | Начин на оценување | | | |
| | 17.1. | Тестови | | 100 бода од тест/завршен устен испит |
| | 17.2. | Индивидуална работа/проект ( презентација: писмена и усна) | | |
| | 17.3. | Активност и учество | | |
| 18. | Критериуми за оценување (бодови/ оценка) | | до 50 бода | 5 (пет) (F) |
| | | | 51 х до 60 бода | 6 (шест) (E) |
| | | | 61 х до 70 бода | 7 (седум) (D) |
| | | | од 71 до 80 бода | 8 (осум) (C) |
| | | | од 81 до 90 бода | 9 (девет) (B) |
| | | | од 91 до 100 бода | 10 (десет) (A) |
| 19. | Услов за потпис и за полагање завршен испит | | Присуство на најмалку 51% од наставата | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 20. | Јазик на кој се изведува наставата | | | Македонски | | |
| 21. | Метод на следење на квалитетот на наставата | | | Евалуација и самоевалуација | | |
| 22. | Литература | | | | | |
| | 22.1. | Задолжителна литература | | | | |
| | | Реден број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Борче Давитковски, Ана Павловска-Данева | Административно право – прв дел (материјално право) | Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје | 2018 |
| | | 2. | Борче Давитковски, Ана Павловска-Данева | Административно право – книга втора (процесно право) | Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје | 2020 |
| | 22.2. | Дополнителна литература | | | | |
| | | Реден број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | / | Закон за административни службеници | „Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/2019, 14/2020, 215/2021 и 99/2022 | |
| | | 2. | / | Закон за вработените во јавниот сектор | „Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018 и 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/2019 и 14/2020 | |
| | | 3. | | Закон за инспекциски надзор | „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 102/2019 | |
| | | 4. | / | Закон за локалната самоуправа | „Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002 | |
| | | 5. | / | Закон за општата управна постапка | „Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/2015 | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 6. | / | Закон за организација и работа на органите на државната управа | „Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010 и 51/2011 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/2019 и 110/2019 | |
| | | 7. | / | Закон за управни спорови | „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/2019 | |
| | | 8. | / | Закон за установите | „Службен весник на Република Македонија“ бр.32/2005, 120/2005 и 51/2011 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/2022 | |
| | | 9. | Vilko Androjna, Erik Kerševan | Upravno procesno pravo: upravni postopek in upravni spor | GV Založba | 2017 |
| | | 10. | Зоран Томић | Опште управно право | Правни факултет Универзитету у Београду | 2012 |
| | | 11. | Zoran Tomić | Upravni spor i upravno sudovanje u savremenoj Srbiji – neki reformski problemi i pravci noveliranja<br>Управни спор и управно судовање у савременој Србији – неки реформски проблеми и правци новелирања | Pravni fakultet u Splitu (Zbornik radova god. 47, 1/2010) | 2012 |
| | | 12. | Paul Craig | UK, EU and Global Administrative Law – foundation and challenges | Cambridge University Press | 2015 |
| | | 13. | Paul Craig | EU Administrative Law, Third Edition | Oxford University Press | 2018 |